Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2022, до 15.9.2021 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2022. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2022, deri më 15.9.2021.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

| | |
|---|---|
| Име на здружението/фондацијата: Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје; | Emri i shoqatës/ fondacionit: |
| ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5290350; | NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror): |
| Седиште и адреса (улица, број, општина): ул.Христо Смирненски бр.48-1/6, Скопје, Центар – Скопје; | Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna): |
| Застапник: Хајди Штерјова Симоновиќ, Извршна Директорка; | Procesverbali: |
| Веб страница: www.hops.org.mk | Faqja e internetit: |
| Електронска пошта (e-mail): hops@hops.org.mk | Posta elektronike ( e-mail): |
| Телефонски број за контакт: 023246205 070313103 070400096; | Numri i telefonit për kontakt: |
| Лице за контакт: Хајди Штерјова Симоновиќ, Борче Божинов | Personi për kontakt: |

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2022

**Наслов на иницијативата:** Економски и социјални придобивки и унапредување на човековите права преку декриминализација на сексуалната работа во Република Северна Македонија.

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

1. Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
2. Справување со последиците предизвикани од светската пандемија предизвикана од Коронавирусот
3. Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија·
4. Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)
1.1. унапредување на социјалната сигурност, животниот стандард на граѓаните кои се наоѓаат во социјален ризик и подобрување на децентрализацијата на социјалните услуги во локлната самоуправа; 1.2. поттикнување и поддршка на активни политики за вработување, отворање на работни места за граѓаните кои потешко се вработуваат на пазарот на трудот; 1.3. унапредување на правата на работниците и безбедноста на работните места, согласно со меѓународните стандарди; 1.4. намалување на сивата економија; 1.5. зголемување на на наплатата на приходите, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување внатрешна и надворешна контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето; 1.6. поддршка и развој на одржливи, конкурентни микро, мали и средни претпријатија, унапредување на занаетчиството, претприемништвото и иновациите; 1.7. воведување на секторски пристап, паметна специјализација и развој на Национален развоен план запазувајќи ги принципите на одржлива циркуларна економија преку воведување на европски

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

стандарди за трговија на добра, давање услуги и движење на капитал и работна сила; 1.8. отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата; 1.9. развој на туризмот, угостителтвото и унапредување на меѓународната туристичка соработка;
2.1. обезбедување сеопфатна поддршка за граѓаните и деловните субјекти за надминување на последиците од корона кризата; 2.2. јакнење на јавно-здравствените капацитети, обезбедување на квалитетен и интегриран, ефикасен и долгорочно финансиски одржлив здравствен систем; 2.3. достапни здравствени услуги на сите нивоа, квалитетна здравствена заштита и воспоставување на систем за следење на здравствениот статус на населението;
3.1. унапредување на законодавството за родовата еднаквост, вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, буџетите и развој на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење;
4.1. јакнење на владеење на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; 4.2. развивање на систем на правда кој ефикасно ги штити човековите слободи, права и заеднички систем на вредности; 4.3. спречување на прекуграничниот криминал, илегалната миграција, контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил.

| | |
|---|---|
| **НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)<br><br>Поглавје 23-подрачје основни човекови права и слободи (вклучително и успешна борба против организиран криминал)<br><br>Поглавје 19-подрачје вработување | **NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit) |
| **Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)<br>Здружението ХОПС Скопје е подносител на иницијативата во име на неформалната Платформа за декриминализација на сексуалната работа која се состои од повеќе организации и поддржувачи. Оваа Платформа постои од 2014 година како неформална мрежа | **Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore) |

на организации и поединци-експерти во земјава но и регионот, кои долги години работат на поддршка, унапредување и заштита на човековите права на сексуалните работници во Република Северна Македонија. Членки на платформата за декриминализација се излистани во Прилог број 1 кој го поднесуваме кон оваа иницијатива. Подносителот на иницијативата во име на Платформата, Здружението ХОПС-Опции за здрав живот Скопје, е првата организација која од 2000 година пружа услуги на сексуални работници, работи на застапување за унапредување на нивните права и зајакнување на заедницата на сексуални работници во Република Северна Македонија. ХОПС заедно со партнерските организации од 2012 година е стратешки партнер на Министерството за здравство во насока на имплементација на стратешката програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Северна Македонија. Сексуални работници се мажи, жени и трансродови лица кои доброволно, постојано или привремено нудат сексуални услуги за пари или материјални добра.

Искуствата од досегашната работа со сексуални работници и спроведените многубројни истражувања укажуваат на тоа дека иако сексуалните работници ги имаат истите човекови права како и останатите граѓани, сепак, многу почесто се соочуваат со насилство и сериозни прекршувања на нивните права од страна на државата и трети лица. Застарените постоечки закони и политики и воспоставената пракса кон сексуалната работа во Република Северна Македонија генерираат постојана системска дискриминација, насилство и експлоатација врз сексуалните работници. Многу често, органите на прогонот не се во можност да направат разлика и ја идентификуваат доброволната сексуална работа
со трговијата на луѓе, со што наместо да се прогонуваат вистинските тргувачи кои експлоатираат против туѓата волја, се прогонуваат сексуалните работници.

Поради ова, потребно е усвојување и спроведување на нова, јасна и конзистентна законска рамка која ќе биде заснована врз принципите на правото на слободен избор, човековите права и благосостојба и унапредување на јавното здравје.

Моделот на декриминализација на сексуалната работа по примерот на Нов Зеланд се заснова

врз потребите на сексуалните работници за заштита на нивните права, создавање на безбедни услови за работа, превенција од насилство и експлоатација и промоција на благосостојбата и професионалното здравје на луѓето вклучени во сексуалната работа. Со овој модел, се укинуваат сите законски одредби со кои на било кој начин може да се санкционира сексуалната работа во која доброволно се вклучени едно или повеќе возрасни лица.
Декриминализацијата како модел ја предлагаме од следниве причини:
-придонесува за справување со насилството врз сексуалните работници особено родово базираното насилство;
-придонесува за намалување на стигмата кон сексуалните работници дека нивното однесување е казниво и охрабрување за пријавување на насилството;
-придонесува за економско и социјално зајакнување на луѓето кои се занимаваат со доброволна сексуална работа;
-овозможува економска придобивка за државниот буџет преку плаќање на даноци и придонеси поврзани со вработување и работа;
-придонесува за намалување на невработеноста;
-придонесува за намалување на трошоците за процесирање и казнување на доброволна сексуална работа (оддавање на проституција, член 20 ЗППЈРМ) и посредување при вршење проституција (член 191, КЗ)
-придонесува за справување со организираниот криминал , особено со трговијата со луѓе и деца;
-придонесува за унапредување на јавното здравје.
Предмет на уредување: Кривичен законик (член 191), Закон за прекршоци против јавен ред и мир (член 20), донесување на нов закон за регулирање на сексуалната работа.
Органи на државна управа: Министерство за правда, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)
-намалено насилство врз сексуалните работници особено родово базираното, намалена стигма кон сексуалните работници;

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

-еднаков институционален и општествен третман на сексуалните работници и почитување на нивните права;
-зајакната економска, социјална и здравствена состојба на луѓето кои се занимаваат со доброволна сексуална работа;
-зголемена економска придобивка за државниот буџет преку плаќање даноци и придонеси поврзани со вработување и работа;
-намалени трошоци за процесирање и казнување на доброволната сексуална работа (оддавање на проституција, член 20 ЗППЈРМ) и посредување при вршење проституција (член 191 КЗ).
-зголемена ефикасност во борбата со организираниот криминал, особено со трговијата со луѓе и деца;
-подобрено и унапредено јавно здравје.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

Предлог иницијативата не предизвикува финансиски импликации за државата.
Напротив, како што е опишано погоре ќе овозможи економска придобивка за државниот буџет преку плаќање на даноци и придонеси поврзани со вработување и работа, намалување на невработеноста, намалување на бројот на луѓе кои зависат од социјална помош од државата, и намалување на трошоците за водење на судски постапки и издржување на казна затвор.
Од друга страна, подносителот на иницијативата – Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје во име на Платформата заедно со партнерите од Платформата можат да обезбедат техничка и експертска поддршка за фацилитирање на процесот на воспоставување на моделот за декриминализација на сексуалната работа во Република Северна Македонија со цел измени и дополнување на постоечките и пишување на нови закони.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

1. Листа на членки на Платформата за декриминализација на сексуалната работа во Република Северна Македонија;
2. Декларација за декриминализација на сексуалната работа потпишана од страна на 8

политички партии во период пред одржување на парламентарните избори во јули 2020; (иницијатори за поднесување и потпишување на Декларацијата во име на Платформата се СТАР-СТАР Скопје, ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, Коалиција МАРГИНИ);
3. Листа на политички партии потписнички на Декларацијата за декриминализација на сексуалната работа;
4. Став на ХОПС-Опции за здрав живот Скопје, за регулирање на сексуалната работа во Македонија;
5. Компаративна анализа на моделите на регулирање на сексуална работа (Шведска, Нов Зеланд и Германија) – 2017 година; автори Наташа Бошкова, Хајди Штерјова Симоновиќ;
6. Анализа на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија – 2017 година; автори Наташа Бошкова и Хајди Штерјова
Симоновиќ;
7. Анализа на потребите за промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија –2016 година; Вања Димитриевски, Марија Тошева, Наташа Бошкова;
8. Борба за правата на сексуалните работници во Македонија: Одговор на сексуалните работници и граѓанските организации на полициската акција “Сузбивање на улична проституција” – 2015 година; Жарко Трајаноски, Марија Тошева, Славчо Димитров, Хајди Штерјова Симоновиќ;
9. Правни потреби и пристап до правда за луѓето кои употребуваат droги и сексуалните работници во Македонија – 2018 година; Ивица Цековски, Вања Димитриевски;
10. Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Македонија 2018-2023;
11. Доброволна сексуална работа; За СТАР-СТАР Скопје 2016 - Борче Божинов, Глигор Чанов;
12. Анализа на сцените на сексуална работа; СТАР-СТАР Скопје; мај 2016;
13. Проценка на потребите на младите сексуални работници во однос на здравствени, социјални и правни услуги; СТАР-СТАР Скопје, декември 2018; Борче Божинов, Ивана Ацевска, Глигор Чанов;

Потпис на застапникот Nënshkrimi i përfaqësuesit

15.09.2021 година ---------------------------- ------ 2021 ------------------------------

М.П. V.V

Здружение ХОПС Опции за здрав живот Скопје • СКОПЈЕ •